**Седмица: 11** **Час: 1**
**Датум:**

**Тема 3: Програма за мултимедијални презентации**
**Наставна единица: Мултимедијална презентација**

**Одделение: IV**

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | Да може да го објаснува поимот за мултимедијална презентација со слајдови | **<u>Сите можат:</u>**<br>да објаснат како изгледа презентација на хамер | Се дискутира за изгледот на природата во четирите годишни времиња. Накратко објаснуваат како изгледа секое годишно време. (Учениците носат разни слики за сите годишни времиња). Што има на сликите со кои треба да ги опишете годишните времиња? Од каде ги најдовте сликите? Кој материјал ќе ви биде потребен за да изработите постер презентација на хамер? | З<br>метод на разговор | Слики<br><br>Материјал за работа (хамер, ножици, и лепак)<br><br>Компјутер<br><br>Презентација на компјутер | Дискусија<br>Прашања<br>Одговори |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да изработат презентација на хамер;<br><br>да ја споредат презентацијата на хамер со презентацијата на компјутер;<br>да направат план за изработка на компјутерска презентација | • Активност: изработка на постер презентација на хамер за годишни времиња.<br>- Учениците се поделени во четири групи и секоја група треба да изработи постер презентација со едно годишно време. Презентацијата од секоја група треба да биде изработена на хамер и да содржи слики и текст. Групите претходно имаат договорено и подготвено материјал за работа за овој час: слики, хамер, ножици и лепак. По завршената работа хамерите ги редат еден зад друг и се добива презентација за целата година.<br>Се нагласува дека она што е изработено на хамер, може да се изработи и на компјутер.<br>• Се следи кратка презентација како пример за **мултимедијална презентација.**<br>- Учениците ги споредуваат деловите од компјутерската презентација со хамерот. Хамерот во хартиената презентација е исто што и слајд во компјутерска презентација.<br>**Заклучок:** Слајд е дел од презентацијата (како лист) на кој се запишува текст, се вметнуваат слики, анимации и звуци.<br>• Активност: правење план за изработка на компјутерска презентација за четири годишни времиња.<br>- Учениците даваат предлози од колку слајдови ќе се состои презентацијата, колку слики ќе содржи секој слајд, дали ќе има анимација на слики и на текст и дали во презентацијата ќе има звук.<br>**Заклучок:** Презентацијата која освен текст содржи слики, звуци и анимации се вика **мултимедијална презентација.** | Г<br>метод на практична работа<br><br>З<br>Документациски метод-визуелни извори на информации и метод на објаснување<br><br>Г<br>метод на практична работа | | Набљудување<br><br>Дискусија<br><br>Набљудување |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да објаснат што е разлика помеѓу презентација на хамер и мултимедијална презентација | По еден претставник од секоја група ја презентира содржината на постерот, а слушателите ја оценуваат презентацијата и објаснуваат која е најдобра и зошто. Што е разлика помеѓу презентација на хамер и мултимедијална презентација. | И<br>минутна техника;<br>метод на објаснување | | Набљудување<br>Изработен хамер |

| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведен дел: дискусија за изработка на презентација на хамер<br>Главен дел: изработка на презентација на хамер и споредување со компјутерска презентација; воведување на терминот мултимедијална презентација, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: повторување за разлика помеѓу презентација на хамер и мултимедијална презентација | | мултимедијална презентација, мултимедијалност. |

obrazovanie.literatura.mk